Архивски знак:__________
Рок на чување:__________
__________ 20______ година
Потпис,
__________


**Б и Љ,**
**Боро и Љупчо**
**д.о.о. - Скопје**

Ревизија, проценка и Финансиски Консалтинг

Дрезденска бр 52
1000 Скопје
Македонија

Тел:+389 (02) 3061-185
3066-604
Факс. (02) 3094-919


0302 - 36
31.03.2017

Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија

| Примено: 31.03.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 13/24 | 1 | |

**ДО СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ**
**И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА**

**Предмет: Достава на Извештај за транспарентност за 2016 година**

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Извештајот за транспарентност за 2016 година. Воедно Ве известуваме дека Извештајот за транспарентност за 2016 година е објавен на нашата веб страна bilj.com.mk .

Со почит

Управител

Ревизија, проценка и финансиски консалтинг Боро и Љупчо д.о.о. Б и Љ Скопје

Согласно член 35 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16), Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје објавува

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2016 година

### 1. Опис на правната структура и сопственост

Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје е друштво со ограничена одговорност основано на 10.02.1994 година. Друштвото е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија со ЕМБС 4814738.

Друштвото е заведено под број ДР004 во регистарот на друштва за ревизија при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Друштвото има добиено лиценца за работа за вршење на работи на ревизија број 07-331/1 од 12 јули 2013 година од Советот за унапредување и надзор на ревизијата. Регистарски број на лиценцата е 12.

Со состојба на 31.12.2016 година бројот на вработени лица во Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје изнесува 15 лица од кои 14 лица вработени на неопределено време и 1 лице вработено на определено работно време. Состојбата на вработени на денот на објавување на овој Извештај е 19 лица од кои 15 лица вработени на неопределено време и 4 лица вработени на определено работно време. Лиценца за овластен ревизор имаат 5 лица.

Друштвото за ревизија Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје има основна главнина во износ од 372.000 денари. Сопственици на друштвото се овластените ревизори Борислав Атанасовски и Љупчо Пецев, секој со сопственичко учество од по 50% односно со основачки влог од по 186.000 денари.

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.20 - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата или странство, ниту е основач во други друштва во земјата или странство.

Друштвото има годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија според полиса број 13053000056307/0 со минимална сума на покривање до 250.000 евра по штетен настан и период на осигурување од 01.01.2017 до 01.01.2018 година.

### 2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Друштвото делува на територијата на Република Македонија како локално друштво за ревизија и не припаѓа на меѓународни професионални мрежи. Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје дава услуги на комитенти и за комитенти што делуваат на пазарот во Република Македонија.

## 3. Опис на управувачката структура

Со Друштвото управуваат двајца управители, Борислав Атанасовски и Љупчо Пецев, кои истовремено се сопственици.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото и Изјава од овластениот надлежен орган на Друштвото за ефективноста на функционирањето на овој систем

Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје има воспоставено, спроведува и следи систем за контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување дека друштвото и персоналот работат во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет (МСКК) 1 "Контрола на квалитет за фирми кои спроведуваат ревизии и проверки на финансиски извештаи, и други ангажмани на уверување и поврзани услуги" и дека извештаите за ангажманите на друштвото се соодветни со околностите. Главна цел на Друштвото за ревизија Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје е да обезбедува услуги со висок квалитет за своите клиенти. Секој партнер и член на персоналот, до различни степени, се одговорни за спроведување на политиките на контролата на квалитетот на друштвото. Управителите, кои истовремено се и партнери на Друштвото го имаат крајниот авторитет и одговорноста на системот за контрола на квалитет.

Системот за контрола на квалитет во Друштвото опфаќа политики и процедури за секој од следните елементи: Одговорности на раководството за квалитет во друштвото; Релевантни етички барања; Прифаќање и продолжување на врските со клиентот и специфични ангажмани; Човечки ресурси; Спроведување на ангажманот; Следење; и Документирање.

*4.1. Одговорности на раководството за квалитет во друштвото*

Управителите на друштвото имаат подеднаква одговорност за проверка на контрола на квалитет, за сите прашања поврзани со етиката, вклучувајќи ги независноста, конфликт на интереси, приватност и доверливост, како и за сите функции од областа на човечките ресурси.

*4.2. Релевантни етички барања*

Партнерите и целиот персонал мораат да бидат независни во однос на нивните клиенти и ангажмани. Независноста се одржува за време на целиот период на ангажманот за сите ангажмани на уверување, како што се бара од Меѓународната федерација на сметководители, Кодексот на етика на професионалните сметководители, МСКК 1, и Меѓународниот стандард за ревизија 220 "Контрола на квалитет за ревизија и финансиски извештаи".

Доколку заканите за независноста не можат да бидат елиминирани или намалени до едно прифатливо ниво со примена на соодветни мерки на заштита, друштвото ќе ја елиминира активноста која ја предизвикува заканата или ќе одбие да го прифати или продолжи ангажманот. Кога клиентот за ревизија е котирачки ентитет, а партнерот кој го води ангажманот бил одговорен за ревизијата во период од седум години, тој нема да врши ревизија на финансиските извештаи во времетраење од најмалку две години.

Партнерите и персоналот имаат обврска да ги заштитуваат и чуваат како доверливи сите информации за клиентот кои треба да се чуваат како тајни и да се заштитуваат согласно закони и други регулативи, политиката на друштвото и специфични инструкции или договори со клиентот. Информациите за клиентот и кои било други лични информации добиени за време на ангажманот ќе бидат користени или обелоденети само за целта поради која биле собрани.

*4.3. Прифаќање и продолжување на врските со клиентот и специфични ангажмани*

Друштвото и неговите партнери прифаќаат нови ангажмани или ги продолжуваат постоечките само со одобрување на партнерот кој го води ангажманот, по извршена проверка во согласност со политиките и процедурите на Друштвото. За секој тековен ангажман и за секој нов клиент се врши документирана проверка која вклучува и проценка на ризиците поврзани со клиентот.

*4.4. Човечки ресурси*

Партнерите мораат да ги проценат барањата за професионална услуга за да бидат сигурни дека го имаат капацитетот и стручноста кои се потребни за да се задоволат потребите на клиентот. Партнерите и персоналот мора да ги исполнуваат условите за континуирано професионално усовршување кои се дефинирани во Законот за ревизија и соодветните меѓународни стандарди.

Преку своите политики и процедури, Друштвото обезбедува назначување на соодветни партнери и персонал на секој ангажман. Партнерот на ангажманот го планира распоредувањето на персоналот. Тој, исто така, има одговорност да се осигури дека назначените поединци, но и тимот како целина, ги имаат потребните способности да го извршат ангажманот во согласност со професионалните стандарди и со системот за контрола на квалитет на друштвото.

*4.5. Спроведување на ангажманот*

Политиките и процедурите на друштвото се дизајнирани да обезбедат разумна сигурност дека друштвото и персоналот соодветно ги планираат, надгледуваат и проверуваат ангажманите и дека извештаите за ангажманите се соодветни на околностите. Друштвото обезбедува стандардизирани работни документи потребни за документирање на ангажманот за клиентот. Партнерот на ангажманот е одговорен за потпишување на извештајот на ангажманот и како лидер на тимот на ангажманот одговорен е за севкупниот квалитет за секој ангажман за кој е назначен.

За сите значајни или сложени прашања идентификувани за време на планирањето или за време на ангажманот, партнерот кој го води ангажманот ќе се консултира со другиот партнер и со членови на персоналот кои имаат соодветно искуство и знаење. По потреба може да се оствари консултација и со стручни лица надвор од Друштвото.

*4.6. Следење*

Следењето примарно се состои од разбирање на системот на контрола и определување до кој степен истиот ефикасно функционира. Исто така, следењето вклучува и развојни препораки за да се подобри системот.

*4.7. Документирање*

Друштвото има воспоставено политики и процедури дизајнирани да ја одржат доверливоста, интегритетот, безбедноста и пристапот до документацијата на ангажманот.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија, Друштвото се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитетот, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во друштвото. Изјавата за ефективност на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет е дадена во Прилог 1 на овој Извештај.

## 5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот е проверката на контролата на квалитет извршена од страна на овластени лица на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за годината што заврши на 31 декември 2014 година. Контролата е извршена во ноември 2015 година, а конечен извештај е издаден во февруари 2016 година.

## 6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2016 година

**Законски ревизии**

Агро Јуником ДООЕЛ Скопје; Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување; АД УТТ Македонија Битола; Американ колеџ Скопје; АКС менаџмент ДОО Скопје; А-ТИМ АД Скопје; Атлантик ДООЕЛ Скопје; Бетон АД Штип; БНБ компани ДОО Скопје; Брокерска куќа Илирика инвестментс АД Скопје; Варус ДООЕЛ Скопје; Вардарградба ДОО Скопје; Витек Македонија ДОО Илинден; Гоива ДОО Скопје; Градежен институт Македонија АД Скопје; Графички центар ДОО Скопје; Греј лтд ДООЕЛ Скопје; Евроасија техника ДОО Скопје; Европа АД Скопје; Еземит вино ДОО Штип; Ексико ДООЕЛ Скопје; Енергосистем ДОО Скопје; Жито Битола ДООЕЛ Битола; Жито полог АД Тетово; ЗК Пелагонија АД Битола; Изградба комерц ДООЕЛ Скопје; Илинден АД Струга; Илирика глобал растечки пазари - Отворен инвестициски фонд; Илирика Југоисточна Европа - Отворен инвестициски фонд; Илирика кеш фонд - Отворен инвестициски фонд; Илирика Фунд Менаџмент АД Скопје; Интереуропа ДОО Скопје; Јого меркур ДООЕЛ Скопје; Југохром фероалојс ДООЕЛ Јегуновце; КАК ДОО Скопје; Камчев консалтинг ДООЕЛ Скопје; КД Фондови АД Скопје; КД БРИК - Отворен инвестициски фонд; КД НОВА ЕУ - Отворен инвестициски фонд; КД топ брендови - Отворен инвестициски фонд; КД кеш депозит - Отворен инвестициски фонд; Консалтинг Д ДООЕЛ Скопје; Кореа аутотрејд ДООЕЛ Скопје; Кара АД Скопје; Лотарија на Македонија АД Скопје; Макошпед АД Скопје; Медиа принт Македонија ДООЕЛ Скопје; Металхем ДООЕЛ Скопје; Монт ДООЕЛ Скопје; Монтинг енергетика ДОО Скопје; Монтинг инженеринг ДООЕЛ Битола; Мулти шпед ДООЕЛ Скопје; Неоком АД Скопје; Нутривет ДООЕЛ Скопје; Олимпико ДОО Скопје; Орка холдинг АД Скопје; Орка спорт ДООЕЛ Скопје; Осогово милк ДОО с. Соколарци; Пекабеско АД Кадино, Илинден; Пауер спорт систем ДОО Скопје; Пелагонија вет ДООЕЛ Битола; Пелагонија развој ДООЕЛ Битола; Пера констракшн интернационал ДОО Скопје; Поштел брокер АД Скопје; Просветно дело АД Скопје; Рудници Бањани АД Скопје; Раде Кончар сервис ДОО Скопје; Раде Кончар Теп ДООЕЛ Скопје; Рио ДООЕЛ Илинден; Рифам ДОО Гостивар; РТ Транс логистик ДООЕЛ Скопје; Руле турс ДОО Скопје; Саманта ДОО Скопје; СГС ДООЕЛ Скопје; Седа брокер АД Скопје; Сервис петрол ДОО Скопје; СИЗ Македонија сообраќај Америт Скопје; Сити плаза ДОО Скопје; Сковин АД Скопје; Стокопромет АД Скопје; Студио Модерна ДООЕЛ Скопје; ТДР Скопје ДООЕЛ Скопје; Технометал-Вардар АД Скопје; Топ траде ДОО Скопје; Трготекстил малопродажба АД Скопје; Уготур АД Скопје; Фабрика Карпош АД Скопје; Фершпед АД Скопје; Фершпед брокер АД Скопје; Хотели Метропол АД Охрид.

**Договорни ревизии**
Адвокатска комора на Република Македонија; Бисер травел ДОО Скопје; ГС1 Македонија Скопје; Општина Липково - Проект "Култура во акција"; Заре Лазаревски ДОО Маврово; ЗИМ АД Скопје; Јапонска донација (три проекти); Македонско здружение за заштита при работа; Пелагонија енерџи ДООЕЛ Битола; ПНУ ИЕГЕ Скопје; Сахара глобал ДООЕЛ Скопје; Сим инжентеринг ДООЕЛ Битола; Скопско поле АД Скопје; Стопанска Комора на Македонија; ФК Брегалница Штип; Центар за неформално образование Тријаголник.

**Договорни ревизии за Централен регистар**
Бирсан мак подружница Скопје; Де интернационал ДООЕЛ Скопје; Дранепс ДООЕЛ Скопје; Инфинити Еуропе ДООЕЛ Скопје; Инфинити лтд фешн ДООЕЛ Скопје; Конгрес травел центар ДООЕЛ Скопје; Офис инжентеринг ДООЕЛ Скопје; Сафер глобал ДООЕЛ Скопје; Стиг аутомотив инвест ДООЕЛ Скопје; Суботаи адвајзори ДООЕЛ Скопје; Хербаленд ДООЕЛ Скопје.

## 7. Изјава за независното работење на Друштвото со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Партнерите и персоналот на Друштвото се должни да достават писмена потврда за независност дека се во согласност со политиките и процедурите на Друштвото кои се засновани на Оддел 290 од Кодексот за етика на професионалните сметководители на Меѓународната федерација на сметководители.

Секој партнер и вработен назначен да работи на ангажман за уверување мора да му потврди на партнерот на ангажманот дека тие се независни од клиентот и ангажманот или да го известат за која било закана или потенцијална закана за независноста со што ќе се овозможи примена на заштитни мерки.

Изјавата со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста е дадена во Прилог 2 на овој Извештај.

## 8. Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори

Согласно одредбите од Законот за ревизија овластените ревизори во текот на 2016 година имаат посетено обука од најмалку 40 часа годишно во рамките на континуираното професионално усовршување заради надградување на знаењето од областа на сметководството и ревизијата. Обуката е организирана од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Овластените ревизори континуирана едукација остваруваат и преку следење на странска стручна литература од областа на сметководството и ревизијата. Вработените во Друштвото посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на сметководството и ревизијата интерно организирани во Друштвото или од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Изјавата за политиката што ја следи Друштвото за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори е дадена во Прилог 3 на овој Извештај.

## 9. Финансиска информација за приходите на Друштвото

### 9.1. Список (листа) на услуги кои ги нуди Друштвото

- Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР);
- Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени во Р.М.);
- Даночни советодавни услуги: даночен консалтинг и даночни проверки;
- Други неревизорски услуги: длабински анализи, проценки за потреби на инвеститори, инвестициони програми.

### 9.2. Финансиска информација за вкупните приходи

| **во илјади денари** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 15.544 | 14.492 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет | - | 31 |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски услуги | 115 | 191 |
| **ВКУПНО** | **15.659** | **14.714** |

## 10. Основа според која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Примањата на овластените ревизори во Друштвото за ревизија Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје се утврдуваат врз следните основи:

- Фиксна плата во текот на целата година;
- Дивиденда врз основа на сопственичкото учество во основната главнина, а поврзано со финансиската успешност на Друштвото.

Скопје, март 2017

Управители

Борислав Атанасовски

Љупчо Пецев

**Прилог 1**

**Изјава за ефективноста на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Изјавуваме дека Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје во своето работење се придржува кон постапките на контрола на квалитет и дека внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото ефективно функционира.

Скопје, март 2017

Управители

Борислав Атанасовски

Љупчо Пецев

**Прилог 2**

**Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста**

Изјавуваме дека во Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведуваат.

Скопје, март 2017

Управители

Борислав Атанасовски

Љупчо Пецев

**Прилог 3**

**Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуираната едукација на овластените ревизори**

Изјавуваме дека Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје ја следи воспоставената политика за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори.

Скопје, март 2017

Управители

Борислав Атанасовски

Љупчо Пецев